РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До.

Упп Бр. 03-19

Скопје 10.10.2023г.

**Предмет: Одговор на претставка (наш бр.03-19 од 04.10.2023 година)**

Почитуван г-дин Павловски,

Во врска со Вашата претставка (наш бр.03-19 од 4.10.2023 година) доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве известуваме за следното:

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се должни да ги реемитуваат програмските сервиси во согласност со склучените договори со кои се уредуваат правата за реемитување како и врз основа на Законот за заштита на авторското право и сродните права. Во конкретниот случај, операторот МТЕЛ е должен да врши затемнување на делови од програмскиот сервис, за кои радиодифузерот но и операторот ги немаат регулирано авторските права за реемитување на територијата на Р.С. Македонија.

За техничкиот начин на затемнување на програмските сервиси како и начинот на кој операторите ги информираат своите гледачи нема посебно дефинирани постапки, па поради тоа Агенцијата нема основ да му укаже на кој начин треба операторот да ја исполни оваа обврска.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**